Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 77, 1 април 2012 година

април 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област музичка педагогија и народни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област цитологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Биланс на плаќања“ од проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Селекција на растенијата“ (општ дел) од авторот проф. д-р Верица Илиева од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МУЗИЧКА ПЕДАГОГИЈА И НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата седница одржана на 20.12.2011 година донесе Одлука бр. 1902-146/9 за распишување на Конкурс за избор на наставник во звање ***вонреден професор*** за наставно-научната уметничка област ***музичка педагогија и народни инструменти*** (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност.

На 20.12.2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност, по предлог на деканот на Факултетот, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање-вонреден професор за наставно-научната уметничка област *музичка педагогија и народни инструменти* (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- проф. м-р Драган Даутовски, вонреден професор од наставно-научната уметничка област етномузикологија, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за претседател;
- проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор, од наставно-научната област музикологија, вработен на Факултетот за музичка уметност во Штип, за член;
- проф. Стојан Стојков, редовен професор од наставно-научната уметничка дејност композиција, редовен професор во пензија, за член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научиот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на 1 (еден) наставник во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област *музичка педагодија и народни инструменти*, објавен на 9.12.2011 година во дневниот весник „Дневник“, за избор на наставник се пријави кандидатот **м-р Марјан Јанкоски.**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Марјан Јанкоски** потекнува од Вевчани. Средното музичко училиште го завршува во Битола, а Факултет за музичка уметност во Скопје, каде што дипломира на Одделот за музичка теорија и педагогија со народни инструменти (2002 г.). Во 2009 година, на Факултетот за музичка уметност во Скопје го одбрани магистерскиот труд на тема „*Примената на народните музички инструменти во одделенската настава*“ во областа методика на музичката настава.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот м-р Марјан Јанкоски во периодот 2007-2012 година работи како наставник на наставно-научната уметничка област *народни инструменти* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во овој период, кандидатот ги предава предметите *Народни инструменти, Оркестар на народни инструменти* (на Катедрата за народни инструменти при Одделот за музичка теорија и педагогија) и *Етноорганологија* (на Катедрата за етнокореологија).

Во текот на неговата досегашна работа на Факултетот за музичка уметност, кандидатот м-р Марјан Јанкоски има постигнато завидни резултати во својата област. Во поглед на неговата досегашна активност како наставник на Факултетот за музичка уметност изработува: една рецензирана скрипта по предметот *Оркестар на народни инструменти 1* и четири интерни скрипти (две за предметот Народни инструменти – избор на традиционални мелодии за кавал и две интерни скрипти за предметот Етноорганологија).

Што се однесува за уметничката дејност во јавноста, за кандидатот м-р Марјан Јанкоски во изминатиот период пишувале разни пишани печатени и електронски медиуми, поддржувајќи ги и најавувајќи ги неговите најзначајни концертни активности. Како најзначајни ќе ги спомнеме: списанието „Теа модерна“ (2008), дневните весници „Нова Македонија“, „Време“, „Вест“, „Вечер“, „Шпиц“, „Утрински весник“ и нивните електронски верзии; понатаму, електронските мрежи: www.mmm.com.mk; www.socom.com.mk; www.silovesnik.com.au; www.dku.com.mk; www.time.mk; www.daily.mk; www.kurir.mk; www.youtube.com и многу други. Како резултат на таквата негова успешна авторска и концертна активност, списанието „Теа модерна“ (2011) му посвети текст - портрет со наслов „Ме инспирира звукот од македонското тло“.

Кандидатот м-р Марјан Јанкоски во својот досегашен период има учествувано на разни телевизиски емисии, каде некои од нив биле и дебатни со доста сериозни теми, наменети за улогата на народните инструменти и музичкиот фолклор во Р. Македонија.

- ТВ КАНАЛ 5: емисија: *„На кафе кај Силвија“* – гостин: Марјан Јанкоски (2007);
- МРТВ: *„Фолковизија“* – стручен осврт за ликот и делото на Тоше Проески (2008);
- ТВ ИРИС: *Претставување на класата за народни инструменти од ФМУ при УГД – Штип по повод одржаниот целовечерен концерт во Прилеп;*
- ТВ МТМ: *„Портрети“* – Марјан Јанкоски и Андријана Јаневска (2009);
- ТВ А2: *„Чуму* – дебатна емисија, тема: *„Современите ставови за музичкиот фолклор во Р. Македонија“* (2009);
- МРТВ: емисија: *Летна програма „Лето на дланка“* – во живо од Охрид (разговор со Марјан Јанкоски и настап во живо со музичкиот состав ПОРТАЛ со две авторски композиции на Марјан Јанкоски);
- ТВ ИРИС: Најава за целовечерен новогодишен концерт на Факултетот за музичка уметност при УГД во Штип (2010);
- ТВ АЛФА: *Портрет на музичкиот состав „Портал“* – најава за целовечерен концерт во Штип по повод денот на градот, празникот Св. Никола (2010);
- ТВ АЛФА: Најава за целовечерен авторски концерт на фестивалот Скопско лето 2011;
- ТВ ИРИС: *„Промоција на класата за народни инструменти по повод првиот целовечерен концерт на класата по народни инструменти од ФМУ при УГД – Штип* (2011);
- МРТВ: емисија *Само за вас*; тема: *„Улогата на народните инструменти во современиот музички живот“*; настап во живо со две авторски композиции (2011).

Покрај овие активности, кандидатот м-р Марјан Јанкоски во 2011 година учествува како претседател на рецензентска комисија за примање на кандидатот Горанчо Ангелов за насловен доцент на Факултетот за музичка уметност – Штип.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Кандидатот м-р Марјан Јанкоски како концертен изведувач, во изминатиот период има реализирано мноштво концерти и настапи, а како позначајни ќе ги спомнеме:

***Целовечерни концерти:***

- „Вечер на традиционална изворна музика“ (Прилеп, место: Дом на култура „Марко Цепенков“ – 2008 г.);
- Заедно со „Драган Даутовски квартет“ (Скопје, место: Куршумли ан, 2008);
- Заедно со „Драган Даутовски квартет“ (Скопје, место: тврдина Кале, 2008);

- Фестивал: Скопско лето (2005, 2007, 2011) – авторски концерти на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“;
- Свечена академија по повод празникот Свети Никола во Штип – авторски концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ (Штип, 2010);
- „Вечер посветена на Живко Чинго“ – авторски концерт на Марјан Јанкоски со музичкиот состав „Портал“ (Велгошти, Охрид, 2010);
- „Струшки вечери на поезијата“ – авторски концерт на Марјан Јанкоски со музичкиот состав „Портал“ (Струга, 2010);
- „Топол културен бран“ – културна манифестација во организација на Министерството за култура на Р. Македонија; авторски концерт на Марјан Јанкоски со музичкиот состав „Портал“ (Штип, 2011);
- Авторски концерт на Марјан Јанкоски со музичкиот состав „Портал“ (Пехчево, 2011);
- „Најслатка е водата од изворот“ – целовечерниот концерт со класата за народни инструменти при Факултетот за музичка уметност – Штип (Штип, 2009).

***Настапи како солист во камерен состав или голем симфониски оркестар:***

- Фестивал: „Денови на македонската музика“ – настап со македонската филхармонија во делото „Пред портите на пеколот“ од македонскиот композитор Стојан Стојков (Марјан Јанкоски, окарина; Скопје, 2009);
- Патронат на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (премиерна изведба со инструментот окарина; Штип, 2009);
- Фестивал: „Есенски музички свечености“ – светска премиера на композицијата Alone (Сам, 1997) од македонскиот композитор Гоце Коларовски (редакција за кавал на Марјан Јанкоски; Скопје 2009);
- Фестивал: „Денови на македонската музика“ – настап со македонската филхармонија во делото „Simfonia Strumentale“ од македонскиот композитор Властимир Николовски (Марјан Јанкоски, зурла; Скопје, 2010);
- Во живо на МРТВ во емисијата „Лето на дланка“ со две авторски композиции – 2010 (трио);
- Во живо на МРТВ во емисијата „Само за вас“ со две авторски композиции – 2011 (трио).

Кон овие настапи ќе ги додадеме и континуираните настапи кои кандидатот, во периодот 2007-2012 година, заедно со своите студенти ги одржа за потребите на Факултетот за музичка уметност и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, учествувајќи на разни манифестации, новогодишни и завршни концерти на Факултетот за музичка уметност, промотивни концерти низ градовите итн.

Покрај богатата концертна активност, кандидатот м-р Марјан Јанкоски има учествувано и во реализација на неколку носачи на звук:

- „Original Macedonian Folk Music“ – со „Драган Даутовски квартет“ (2007);
- „Разбој“ – со „Драган Даутовски квартет“ (2008).

Кандидатот м-р Марјан Јанкоски во изминатиот период учествува на неколку конференции со следниви теми:

- „Музичките инструменти кои се користеле за време владеењето на Александар Македонски“ (Скопје, Ксантика: 2007);
- „Примената на народниот инструмент дудуче во одделенската настава“ (Скопје, ИРАМ, 2010);
- „Примената на народните музички инструменти во одделенската и предметната настава“ (Улогата на музиката во образовниот систем; ФМУ – Штип, 2010).

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Кандидатот м-р Марјан Јанкоски има објавено труд во зборник од трудови на стручен собир: Годишен зборник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со тема: „Примената на народните музички инструменти во одделенската и предметната настава“ (Штип).

Кандидатот континуирано учествува во разни комисии за потребите на факултетот како:

– главен координатор за пракса;
– член на рецензентска комисија за издавање на скрипта;
– претседател на комисија за дисциплинска комисија;
– член, координатор на тимот за изведување и лице за помагање на наставата на прв циклус студии;
– член на комисија за проверка на постојните учебници од македонски автори кои се користат на Факултетот за музичка уметност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Марјан Јанкоски, согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата заклучи дека кај кандидатот м-р Марјан Јанкоски се исполнети критериумите за избор во наставно-научното звање вонреден професор.

Рецензентската комисија, врз основа на приложените материјали исто така заклучи дека кандидатот м-р Марјан Јанкоски преку неговите досегашни остварени завидни резултати, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип кандидатот **м-р Марјан Јанкоски да го избере во наставно-научното звање *вонреден професор* за наставно-научната уметничка област *музичка педагогија и народни инструменти*.**

.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Драган Даутовски, вон. проф., претседател, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вон. проф., член, с.р.**
**Стојан Стојков, ред. проф. во пензија, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на м-р Марјан Јанкоски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ и Факултетот за музичка уметност во Штип**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 8 | |
| 4. | Интерна скрипта од предавања | 2x4=8 | |
| 5. | Интерна скрипта од вежби | 2x2=4 | |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 1 | |
| 10. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | Статија во весник: 12x0,5=6<br>Учество во образовна РТВ програма:10x0,5=5<br>Вкупно: 11 | |
| 19. | Раководител на студент или ученик на студентска или ученичка манифестација | 15 | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | 36 | |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | 3 | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | 1 | |
| | **Вкупно** | **87** од потребни 30 | |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6. | Музички настапи на официјални концерти (целовечерни концерти) | 11 x 3 =33 | |
| 7. | Музички настапи на официјални концерти (настапи) | 4x2=8 | |
| 9. | Учество на научен собир со реферат | 3x1,5=4,5 | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| | Снимен носач на звук | 2x6=12 | |
| | Вкупно | **61,5** од потребни 38 | |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 5x2=10 | |
| 29. | Член на наставно-научен совет | 2 | |
| | Вкупно | **14** од потребни 7 | |
| | | **ВКУПНО** | **162,5** |